Делегација од општина Неготино составена од општинска администрација, јавни установи , образовни институции и бизнис сектор присуствуваше во Р.Бугарија во рамките на проектните активности во периодот од 9-14 Септември,2018 година.Проектните активности се случуваа помеѓу општина Неготино и збратимената општина Попово од Р.Бугарија, како и помеѓу општината Евротас од Р.Грција.Во рамките на проектот покрај официјалните обраќања на сите 3 општини, секој општина посебно се претстави со презентација согласно проектните цели.

Во рамките на посетата беа организирани разни посети на културно-историски знаменитости, во околината на Попово, беа направени студиски посети на ботаничката градина Балчик ,посета на тврдината Калиакра и беа разгледани можностите за воспоставување на идни деловни врски помеѓу трите општини.Посебно разговори за можностите за идна взаемна соработка направија градоначалниците од трите општини на заедничката работна вечера,при што посебно се разговарше за искуствата кои овие општини ги имаат и кои може да се аплицираат во иднина во заеднички проекти кои се од важност и интерес за општините Неготино, Попово и Евротас.

EU for citizens